# 2. Заштита од забременување: кондоми и дијафрагми (2. Contraception: Condoms & Diaphragms)

## Зашто да се користи заштита од забременување?

**Заштитата од забременување е неопходна ако сакате да избегнете да забремените без да сакате, и да ги избегнете заразните болести што се пренесуваат кога имате сексуални односи.**

Секој месец јајникот на жената произведува јајце. Кога мажот го исфрла семето, во семето има милиони сперматозоиди. Треба само еден таков сперматозоид за да го оплоди јајцето и да настане бременост. Ако парот има сексуални односи (пенисот е во вагината), а не презема мерки на претпазливост, постои голема опасност да настане бременост. Користењето средства за заштита од забременување ви овозможува да имате сексуални односи, а да ја избегнете несаканата бременост.

### Паметно е да се користи кондом

Во Австралија има повеќе од 20.000 нови случаи на заразни заболувања секоја година што се пренеле преку сексуални односи. Најчеста од нив е бактеријата кламидија, која може да доведе до неплодност ако не се лекува. Кондомот е вашата најдобра заштита од заразни заболувања. Ако користите кондом и средство за навлажнување на база на вода, ќе имате помалку шанси да го добиете вирусот што предизвикува намален имунитет ХИВ/СИДА и многу други заразни болести што се пренесуваат со сексуални односи.

## Кондоми

### Кондом за жени

Кондомот за жени е претходно подмачкана прекривка што лабаво стои во вагината. Еден мек прстен што се вади помага да се стави кондомот и да остане на местото. Поголем еластичен прстен останува надвор од вагината, покривајќи го отворот на вагината (вулвата) и на тој начин давајќи дополнителна заштита.

Женските кондоми се многу ефикасни кога се користат исправно. Тоа значи да користите нов секогаш кога имате сексуални односи. Тие се направени од полиуретан и се однапред подмачкани со средство за подмачкување на база на силикон. Со женскиот кондом може да се користат средства за подмачкување на база на масло. Кондомите се само за една употреба. Женскиот кондом **не може** да се користи со машки кондом зашто притоа може да се измести.

**Несакани дејствија**
Никакво, освен ако сте алергични на полиуретан или на средството за подмачкување. Тоа многу ретко се случува.

**Предности**

- ➢ може да се вметне пред да имате сексуални односи и не треба да биде отстранет веднаш по сексуалниот однос
- ➢ ја намалува опасноста од забременување и од заразни болести што се пренесуваат преку сексуални односи
- ➢ не треба да одите на лекар за да го набавите.

## Кондом за мажи

Кондомот за мажи е танка навлака од гума (латекс) или полиуретан што се става на пенис во ерекција (тврд). Тој го собира семето и го спречува да влезе во вагината и во матката.

**Колку се добри за заштита?**
Кондомите се 85% ефикасни ако се користат правилно. Тие не се толку ефикасни како таблетите против бременост, како средствата што се ставаат во матката (IUD - Intra Uterine Device), како инјекциите DMPA (Depo Provera или Depo Ralovera) или како средството против забременување што се става под кожата (Contraceptive Skin Implant). Мора да користите нов секојпат кога имате сексуални односи и да се погрижите исправно да го наместите и да го извадите. Средство за навлажнување на база на вода како што се KY Jelly или Wet Stuff треба да се користат секојпат кога користите кондом зашто тоа ја намалува опасноста од кинење на кондомот. Кондомите се само за една употреба.

**Несакани дејствија**
Нема, освен ако вие или вашата партнерка сте алергични на гумата латекс или на средството за навлажнување. Алергиите на кондомите направени од полиуретан се многу ретки.

**Предности**

- ➢ ја намалува опасноста од забременување и од заразни болести што се пренесуваат преку сексуални односи, вклучувајќи и ХИВ/АИДС
- ➢ не треба да одите на лекар за да ги набавите.

**Лоши страни**
Материјалот што се користи за изработка на машките кондоми лесно се оштетува па затоа тие треба да се чуваат на студено место и да се користат пред да им истече рокот на траење. Средствата за навлажнување на база на вода, како што е желатинот, и масла за масажа не треба да се користат со кондоми направени од гума латекс зашто тие производи ја зголемуваат опасноста од кинење на кондомот. Тие може безбедно да се користат со кондомите од полиуретан.

## Дијафрагми

Тоа се меки гумени капачиња што се ставаат внатре во вагината за да го покријат грлото на матката (влезот во матката). Тие го спречуваат семето да влезе во матката.

**Колку се згодни за употреба**
За да пружи заштита дијафрагмата треба добро да пасува, да биде исправно наместена и да се користи секојпат кога имате сексуални односи. Таа е речиси исто толку ефикасна како и користењето на кондоми.

**Предности**

- ➢ се користи само кога имате сексуални односи и не влијае на телото во другото време
- ➢ може да се користи кога жената има месечен циклус (менструација)
- ➢ се мие и пак се користи, а трае една до две години.

**Лоши страни**

- ➢ треба да ја ставите пред да имате сексуални односи (може да се вметне до 24 часа порано) и да ја извадите по шест часа
- ➢ на некои жени им е тешко да ја ставаат
- ➢ мал број луѓе се алергични на гума.

## Каде да добиете повеќе информации

**Центар за иформации во врска со здравјето на жените**
**Women's Health Information Centre (RWH)**
(03) 9344 2007
1800 442 007 (бесплатен повик) Електронска пошта: which@rwh.org.au
http://wellwomens.rwh.org.au

**Клиниката Choices Clinic во болницата Royal Women's Hospital**
Совети и третмани за сите потреби за заштитата од забременување и полово здравје, услуги по ниски цени.
Работно време: понеделник, вторник, четврток, од 8.30 до 11.30 часот претпладне.
Телефон: (03) 9344 2717

## Други информативни листови на болницата RWH што можеби ќе ви користат

Болницата RWH има низа информативни листови на многу јазици на интернет. Ако сакате повеќе информации, можете да појдете на нашето место на интернет за унапредување на здравјето. Адресата е http://wellwomens.rwh.org.au

Или можете да го замолите вашиот негувател во болницата The Royal Women's Hospital да ви даде печатен примерок од било кој од нашите други информативни листови за заштита од забременуваање:

Бр. 1 *Заштита од забременување Вашите избори (Contraception Your Choices)*
Бр. 3 *Таблети за заштита од забременување (The Pill)*
Бр. 4 *Depo Provera - инјекција за заштита од забременување (Depo Provera – a contraceptive injection)*
Бр. 5 *Implanon - Средство за заштита од забременување што се всадува под кожата (Implanon – A contraceptive implant)*
Но. 6 *Направа што се става во матката (IUD - Intra Uterine Device)*

**Овие информации се засновани на брошурата *Основни факти за заштитата од забременување (Basic Facts About Contraception)* изработена од FPA Health**

Не смее да се умножува за комерцијални цели без дозвола од FPA Health.

FPA health
Leading the way in reproductive & sexual health